ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден **17.10.2022 година** во 08:00 часот во Мала сала на Општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**,Секретар на Општина Крива Паланка **Антонио Давитковски,** Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски** Раководител на Секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура **Маја Костадиновска,**Раководител на одделение за правни и општи работи **Даниела Велковска,**Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**,Раководител на човечки ресурси **Игор Додевски,**Раководител на одделение за испекциски надзор **Бранко Велиновски,** Раководител на одделение за финансиски прашања **Марија Златановска**, Раководител со овластување на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Валентина Ангеловска** ,Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски,** Директорот на ЈП Комуналец **Миле Марковски и Драган Цвијовиќ**-подршка на градоначалникот.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

**ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ**

Градоначалникот на општина Крива Паланка, **Сашко Митовски** го водеше состанокот на колегиум со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

## Секретар на Општина Крива Паланка

Од страна на Секретарот на општина **Антонио Давитковски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1. Да се направи пресек и координација со раководителите на одделенијата по однос на изготвувањето на годишните оперативни програми и да се потенцира на сериозноста и изготвување на реални програми кои ќе можат да се реализираат(Не се следи изготвувањето)
2. Да се води секојдневна евиденција и контрола на работното време на секој вработен преку користење на новиот систем. Писмен извештај (Не се води контрола од системот за евиденција )
3. Да се дадат писмени насоки до сите вработени и раководители да ги носат беџовите за време на работниот ден(Не се почитува и дел од вработените носат беџови)
4. Да се санираат амбиеталните светла на Општинската зграда и Црквата пред Оштина

5 Да се направи концепт и програма за Театарскиот фестивал и финасиска рамка. Да се одредат точни термини на одржување и да се закажат претставите

6. Ургентно да се набавт и постават тајмери на сите 51 трафостаници. Да не се одлага секојдневно оваа работна задача.
7. Да се постапи ургентно по забелешките од апликацијата со Словенската Амбасада
8. Да се направат соодветни контакти со Македонски телеком околу можноста за репрограмирање на месечната рата за ЈПП за улично осветлување или за обезбедување на тајмери од нивна страна
9. Да се обештетат луѓето од осмокатница на кои Општината им има ветено дека ќе им даде готов бетон за сметка на тоа да го ослободат влезот на Градинката Детелинка

10. Да се направи комисија која ќе одлучува по однос на барањеа од граѓани за штети,градежни матријали. Исто така да се изготви и правилник
11. Да се задолжи лице за пишување на апликација во Германската Амбасада

12. Извештај за апликацијата за Јапонската Амбасада
.
13. Подрачните министерства да се одвојат со нови контролни табли или приклучоци

14. Апликација во МФ за енергетскоефикасни фасади за Општинската зграда

Тековни активности

## Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој

Од страна на раководител на Сектор за општи и правни работи,финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1.Да се разгледа можноста во програмата за спорт како да се направи фонд за спорт ,,иницијатива еден денар за спорт,,

2.Буџетски форум

3.Да се кординира и распише повикот за Граѓански здруженија ,спортски здруженија и манифестациикои ќе бидат дел од културната програма

-Тековни активности

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Од страна на раководителот на Секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура **Маја Костадиновска** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1.На проектанските куќи да се направи целосен пресек и притисок да достават проектна документација по однос на зададените проектни задачи:
- Параметар
- Аква
- МГ Проект
- Еуро Роад
- МСА компани(детски катчиња)

2.Да се распише јавна набавка за урбанистички план за депонија за интерен отад
3.Да се распише јавна набавка за основен проект за зонско паркирање
4.Да се извршат подготовски за отпочнување на постапка за продажба на парцеелата кај Треска
5.Процесот на работа на предметите по однос на бесправно изградените објекти,легализациите не се одвива според динамичниот план.
6.Динамиката на процесот на носењето на ГУП и ДУПОВИТЕ повеќе од два месеци е на слабо ни незадоволително ниво.Сите проектирани термини и рокови се пробиваат по неколку пати.Според она што може да се забележи е дека повторно нема да се запазат и последните зададени и договорени рокови.
7.Да се достави извештај по однос на завршената работа на комисијата за комунален ред.
8.Да се даде налог со проектна задача на фирмата избрена на јавна набавка Параметар за инфраструктурен проект.
9.Да се рефирира со точен извештај од сработената работа на фирмата која работи на сообраќајни проекти за поставување на лежечки полицајци и да се каже рок кога ќе бидат поставени
10.Да се дефинира по однос на работната задача за изготвување на проектна документација за изградба на ДИНО парк и да се определи краен рок до кога ќе биде завршена задачата.
11.Да се дефинира по однос на работната задача за изготвување на проектна документација за изградба на ПУМП трака и да се определи краен рок до кога ќе биде завршена задачата.
12.Да се реферира по однос на работната задача за изготвување на проектна документација за изградба на 10 детски катчиња и да се определи краен рок до кога ќе биде завршена задачата
13.Да се организира состанок во МТВ и МОН по однос на ДУПОТ за намена на старечки дом во интернатот Боро Менков за централната градска улица
14.Да се превземат активности околу изготвувањето на драфт верзиите од годишните оперативни програми
15.Стоко мак
Еуро линс
Одобрени за градба и да издаде во најбрз временски рок.(Да не се кочат сите потенцијалните инвеститори.Ургентно да се сработат и да им се излезе во пресрет).

16.ПСС Хидроцентрали ургентно да им се помогне да добијат употребна дозвола.

Тековни активности

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Од страна на раководителот на одделението за финансиски прашања **Марија Златановск**а беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходниот период како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековниот период.

1.Да се превземат активности околу ребалансот на буџет и да се седницата на совет на 30.09.2022
-крпење на ударни дупки
-Исплата на регрес
-Општо корисна работа
- Дополнителна Ваша анализа
2.Да се разгледа можноста за нови 3 вработувања на пожарникари во ТППЕ Крива Паланка.
Да се контактира со Станислава шеф на кабинет на Министерот за одбрана
3.Да се превземат активности околу организирање на буџетски форум
4.Координација со секој раководител по однос на изготвувањето на годишните програми, да се вгради во буџет тоа што ќе се рализира
5.Седница на совет да се закаже во зависност од тоа кога би било следното проширување на буџет.
6.Опомени за данок на имот

Тековни активности

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Од страна на раководителот на одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходниот период како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековниот период.

1.На проектантските куќи да се направи целосен пресеки притисок да достават проектна документација по однос на зададените проектни задачи
-Параметар(дом за стари лица ,градски мостови,главна улица)
Инфраструктурни проекти
-Аква(Водовод с.Може дивјак)
-МГ Проект(Детски катчиња,Вирови,Калин Камен,с.Можбивњак)
-Еуро Роад(Централна улица,Житни магацин)
-(МСА компани-детски катчиња

2.Со фирмата Борос да се стапи во комуникација,да се направи вовед во градба за започнување на тампонирање во с.Конопница- Трнци

3. Да се исконтактира со фирмата Маљоко за започнување со градежни активности на потпторната стена на улица Кочо Рацин и да се повика надзорот да направи вовед во градба

4. Да се организира состанок со фирмата изведувач Стоименов на пешачката патека Стара вада и надзорот МГ проект зарди барање на фирмата за измена на проектот во тек на градба.Да се следи активно на терен реализацијата на тротоарите и пешачката патека.

5.Фирмата Лабино да ги затвори започнатите градежни активности

1.Решетката за атмосферска вода во населба Лозаново
2.Каналот во населба Куков Дол
3.На улица Вршачка пристапните дворови и банкините
4. Бавчалк
5.Изместување на главен лев колектор

6. Фирмата Белешков да започне со градежни активности по дадениот налог за работа
7. Да се исконтакттира со ЈП Комуналец за да се решат приклучоците за каналазациони мрежа во Бурови Бавчи, Бојанов Дол и населба Цонев Рид
8. Да се даде предлог размислување и соодветен начин како да се дадде од наем објектот на Градскиот Базен

9.Со Раде кутрето да се договори поставувањето на бетонските пропусти-цевки кај доктор Љупчо
10.Да се следи активно работата на Лабино со изместувањето на главниот лев колектор( се да се врати во првобитна состојба за да нема реакции од граѓаните)
11. Со фирмата изведувач Цвет комани да се следат градежните активности на речното корито на Крива Река и почетокот на каналазацијата во село Мождивњак
12. Да се обештетат луѓето од осмокатница на кои Општината им има ветено дека ќе им даде готов бетон за сметка на тоа да го ослободат влезот на Градинката Детелинка
13. Да се превземат активности околу изготвувањњето на драфт верзиите од годишните оперативни програми
-Тековни активности

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Од страна на раководителот со овластување **Валентина Ангеловска** на Одделение за јавни дејности,локален економски развој и информатичка технологија беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела:

1.Да се превземат активности околу изготвувањето на годишните оперативни програми и да се стави акцент на креарињето на младинските политики, програмата за спорт и културата да одат со јавен повик и отпосле да се креираат програмите
2. Да се исконтактира Стојанче Величковски околу изготвување на туристички водич за Крива Паланка
3. Да се подготви апликација во Јапонската Амбасада за мултифункционална цистерна
4. Да се подготви апликација за Германската Амбасада
5. Да се состане комисијата за стипендии на телантирани ученици,спортисти и превоз
6. Повик Министерство за култура. Стратегија кој со што да аплицира
7.Да се превземат активности околу организирање на буџетски форум
8. Да се изготви годишен информатор на реализирани проекти и активности на Општинатаод една година

9. Во програмите да се вметнат следниве субвенции

-Семејства на бранителите од 2001 година да бидат ослободени од давачки спрема ЈП Комуналец

-Субвенции за деца со еден родител,самохран родител да бидат ослободени од плаќање во градинка

-Субвенции за матуранти запишани во СОУ Ѓорче Петровпо 3.000 денари

-Субвенции за лица со попреченост еднократна парична помош од 20.000 денари

-Субвенции за секое новороденче Авто седиште

10. Субвенции за млади

-Студент иноватор

-Млади иноватори

-Дигитални уреди за млади

-Субвенции за велосипед

11. Да се обратиме до Кинеска Амбасада за евентуална подршка на детско игралиште или слично

-Тековни активности.

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Од страна на раководителот на одделението за човечки ресурси **Игор Додевски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1.Измена на ситематизација и годишен план за вработување за 5 унапредувања. Веднаш да се започне и со нова измена за вработување .

2. Тековно да се работи на функционалата анализа и новата организација на Општина Крива Паланка

-Тековни активности

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

-Од страна на раководителот на одделението**Даниела Велковска** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1. Да се отпочне постапка за изнајмување на школото во село Станци

2. Да се отпочне постапка за изнајмување на објектите во село Конопница кои се во сопственост на Општина Крива Паланка

3. Да се превземат активности околу изготвувањето на функционалата анализа и новата организација Општина Крива Паланка

4. Да се разгледа правната можност за изнајмување на Градскиот базен во Крива Паланка

5. Да се исконтактира со Станислава, шеф на кабинет на Министерката за одбрана и да се спреми соодветен писмен допис и барање за нови вработувања во ТППЕ кои се испразнети по основ на пензионирање и природна смрт

6. Да се изврши трансфер на броилата на ЈП Калин Камен и да се размисли начин за субвенција на платат на директорот

7. Да се објават возилата од ЈП Комуналец за продажба

8. Да се изготви правилник за еднократна парична помош за болни и немоќни лица и за штети

-Тековни активности

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

-Од страна на раководителот за испекциски надзор **Бранко Велиновски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1.Да се зголеми фокусот и контролата на хигиената во градот, поголема теренска активност на комуналните редарии комуналниот инспектор

2. Да се отстрани хаварисаното возило во паркот во населба Бавчалк

3. Да се искординира околу активност со Пакомак во врска со потпишаниот договор за селекција на отпад

4. Да се направи анализа на останатите неисчистените долови,канали,пропусти и решетки,слиувници и да се продолжи со оваа активнос . Комуналното одделение да даде налог до ЈП Комуналец

5. Да се исконтролира социјалната зграда и да се дадат опомени до станарите

6. Одлука за комунален ред

7. Со работниците за општо корисна работа да се прочистат сите гробишта до пред задушница и да се изрекламира на социјалните мрежи

8. Заловување на кучиња-Извештај

9. Екопак – садови за електронски отпад

10. Од 1 ноември да се објави повик за ангажирање на работници за општо корисна работа

11. Маркација на дрва во село Градец

-Тековни активности

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец, **Миле Марковски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1.Да се стави акцент и фокус на работата на подигањето на нова зелена површина во речното корито од Осички мост до спортскиот комплекс и од Шанин мост до Бегови Бавчи

2. Да се превземат активности и организација за подигање на дрворедите од стара килимара и да се искординира со фирмата Стојменов која работи на уредување на тротоарите

3. Да се превземат активности околу уредување на складот на ЈП Комуналец во Циглана и истиот да се огради

4. Да се направи список заедно со комуналното одделение по однос на барањата од граѓани за работа на скипот и да се дадде фокус на таа активност

-БС

-Станци

5. Косењето на јавните површини да продолжи со истата динамика

Тековно на следните локации

-Бабин Дол

-Косините

-Градски Парк
-Покрај тенсиското игралиште и позади спортската сала
-Паркот кај Карчо
-Пред самата зграда во населба Бавчалк

-Оваа недела од шанин мост до макпетрол да се искоси

6. Да се изврши ноќно перење на главната улица, и дневно перење на градските плоштади, градскиот парк и детското катче во парк
7. Заедно со комуналното одделение да се излезе на терен и да се превземат активности околу приклучоците за канализација во населбите во Бурови Бавчи,Бојанов дол, Цонев Рид
8. Да се направи нов план и организација на работата со метларките и правосмукалките. Исиот да почне да се применува во најрбрз временски рок. Истиот план да се вгради во програмата за јавна чистота и зеленило
9. Да се продолжи со чистењето на доловите,пропустите и решетките. Да се направи анализа што не е завршено и да се продолжи со динамиката на работа.
10. Тековно да се продолжи со постапката за нова организација на ЈП Комуналец
11. Да се организира чистење на гробиштата пред задушница
12. Да се започне со перењето на
- споредните улици
-спортскиот комплекс
-градскиот пазар
-пешачка патека
-тротоарите на автопат
- делот од марнес до Облаче
- Од Осички мост до мотел Македонија
13. Да сеземе активно учество во изготвувањето на проектната документација за водовод во Вирови Грамаѓе,Мождивњак и канализација во Конопница
14. Метењето на јавните површини, централнат улица и споредните улици да продолжи според утврдената динамика. Оваа недела повторнои да се изврши метење на тротоарите на автопат. На споредните улици да одат организирно на метење во група, за да има видливост и ефект.
15. Тракторот секојдневно да врши обиколка на сите улици за собирање на кабест и земјоделски отпад
16. Да се прочисти патот до село Мождивњак со тримери и моторна пила
17. Да се остранат корењата од речното корито кај бабин дол
18. Да се распише јавна набавка за нож и соларка за новиот трактор
19. Да се обноват китките кај Општинскиот грб
20. Одлука за совет за проширување на дејноста за Зонско паркирање

-Тековни активности

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Од страна на директорот на ЛУ Градски музеј, **Драган Величковски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1.Да се изготват драфт верзиите на оперативните годишни програми

2. Да се организира состанок со сите чинители кои се вклучени и работат на програмата за култура за да се направи квалитетна и реална програм. Исто така на самиот

состанок и да се направи стратегија за аплкицирање на годишните програми во Министерство за Култура.

3. Гига фест

-Тековни активности

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

1.Штедење на електрична енергија, да се направи анализа на подрачните министерства и да се одвојат со нови или контролни табли.
2.Драфт верзија на годишните оперативни програми, да се сработат и да се усогласат со финансии .Да се базираат на реални програми, не само формално. Сите недостатоци кои биле уочени оваа година да се предвидат во програмата.Месец ноември седницата на совет ќе биде наменета за носење на програмите.
3.Седницата на Совет на општина ќе се одржи според насоките од МФ каде очекуваме уште едно проширување на буџетот
4. Да се санираат и средат куќичките во градскиот парк( Фарбање,нови брави,да се означат со бројки и табли, префарбаат,нови тркалца) . Матријалите да се земат од Бено. Задолжен е Драган за организација. Душко,Гоце и двајца од Комуналец
5. Да се санира влезот на Општината со разрушените плочки

**17.10.2022 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**